


# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Април, 2026 - Број 110






# СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**



Стр. 4-9
**Актуелно**



Стр. 10-11
**Отчет**



Стр. 12-15
**Хроника**



Стр. 16-17
**Проекти**



Стр. 18-19
**Култура**



Стр. 20-23
**Млади**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**




## АПРИЛИЈАДА

По повод манифестацијата „Априлијада 2026", што традиционално ја организира Пионерскиот дом „Ј. Б. Тито", на Градскиот плоштад во Гевгелија продефилираа под маски децата од детските градинки и учениците од основните училишта. Пред голем број присутни граѓани, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, тие ги претставија популарните ликови од анимирани филмови за деца, тематски содржини и интересни предмети и животни. За најкреативни, од страна на жири-комисијата беа прогласени „Спиди Гонзалез", „Слатка приказна" и „Старо железо", кои се истакнаа со оригиналност, тимска изведба и силна визуелна порака. Првото место во Детска градинка „Детска радост" го освои маската „Спиди Гонзалес", под раководство на Марија Чалкова, второто „Распеани гевгеличани" од Градинката „Суница", со раководител Рената Динова, додека третото место го заседе групната маска „Шеќерна авантура" од Детска градинка „Детска радост", под раководство на Маја Цишева.

Прво место во ООУ „Владо Кантарџиев" освои „Слатка приказна" (наставник Лидија Лазова), второто „Печурки" (наставник Душица Аврамова), додека третото место го освоија „Сладолед" и „Диско ѕвезди" (наставници Валентина Петрова и Виолета Петковска). Прво место во ООУ „Крсте Мисирков" го освои маската „Старо железо" (наставник Магдалена Накова), второто „Алоха" (наставник Билјана Бутрова), а третото место ѝ припадна на „Македонска свадба" (наставник Марга Прошева).Сите учесници на „Априлијада 2026" добија благодарници, а на наградените маски им беа врачени дипломи, додека групите, кои освоија прво место добија пехари и ваучери.



ТЕМА

# КОНТИНУИРАНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Општина Гевгелија е една од четирите општини во Македонија со над 95% буџетска реализација. Во континуитет, веќе неколку години по ред, Општината го задржува високиот процент на реализирани приходи и расходи. Ваквата констатација изнесена на седницата на Советот на Општина Гевгелија, во рамките на расправата за минатогодишната Завршна сметка, е само потврда на одговорното работење и посветеноста во спроведувањето на сите предвидени проекти и активности. Што поконкретно тоа значи, зборуваат фактите – презентирани во Извештајот за едногодишното работење на Локалната самоуправа во Гевгелија. Во текот на 2025 година, Општина Гевгелија аплицираше и доби финансиска поддршка за реализација на 17 проекти, во вкупна вредност од 292.349.350 денари или над 4,7 милиони евра. Покрај поддршката на локалниот економски развој од Општинскиот буџет, за реализација на одделни проекти и активности, беше значајна и поддршката од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, но и од другите домашни и меѓународни инвестициони програми. За реализација на одобрените проекти, која е завршена или во тек, Општина Гевгелија обезбеди 14.145.245 денари сопствено учество, додека 262.435.435 денари или над 4,2 милиони евра беа обезбедени од донаторите.

Со ваквата финансиска поддршка беа реализирани или во фаза на реализација се повеќе инфраструктурни проекти за подобрување на транспортната и комунална инфраструктура. Преку Министерствата за транспорт, животна средина и просторно планирање и за култура и туризам на РМ, беа одобрени десеттина проекти, меѓу кои и капитални, како што се реконструкцијата на натпатникот на влезот во Гевгелија, ревитализацијата на Старата чаршија, изградба на улицата „Новопланирана 7", првата фаза од реконструкцијата на улицата „Маршал Тито", изградбата на нов урбан парк „Булевар", како и изградба на фекална канализациона мрежа во Милетково. Преку Министерството за транспорт и врски успешно е спроведен Проектот „Поставување урбана опрема – детско игралиште" во спортско-рекреативниот центар кај Касарна. Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање одобрен е Проектот „Изградба на водоводна мрежа на улицата 'Александар Бел' во Мрзенци", чија реализација веќе започна. Исто така, со поддршка од Министерството за локална самоуправа беше имплементиран Проектот „Изградба на улица 'Новопланирана индустриска 2'".

Општина Гевгелија имаше успешна соработка



и со Центарот за развој на Југоисточен плански регион и Бирото за регионален развој, преку кои се имплементираше Проектот за реконструкција на спортската сала „Партизан". Во рамките пак на Проектот „Зелено за добро", чиј водечки партнер е Центарот за развој на ЈИПР, во Гевгелија ќе биде поставен еден брзелектричен полнач, инсталација на фотоволтаичен систем во ООУ „Крсте Мисирков" и создавање на Едукациски зелен центар во Пионерскиот дом во Гевгелија. Во рамките на Интеррег- ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Македонија, преку одобрениот Проект „Балкански алтернативни мобилни рути за одржлив туризам во сите сезони" (Балкан Вело), во март 2025 година, започна реконструкцијата на старото училиште во Серменин и изградба на велосипедска патека, од училиштето до манастирот „Св. Илија". Преку ИПА-ППС Програма со Република Бугарија, Општина Гевгелија започна со реализација на Проектот „Реставрација на зелена инфраструктура – повторно размислување за зелената идеја", во партнерство со Општина Сапарева Бања од Бугарија, за изградба и уредување на парк кај Сува Река, на скоро 25.000 $m^2$, чија имплементација треба да заврши до ноември 2027 година.

Општина Гевгелија, минатата година, ја продолжи и соработката со УНДП за меѓуопштинска соработка со Општина Богданци во областа на превенција, заштита и спасување од природни непогоди и катастрофи, со кој проект е предвидена набавка на опрема за пожарникарите за урбани пожари, дигитална компонента и обука за млади во областа на превенција, заштита и спасување од природни непогоди. Со јасна визија, континуирана стратешка посветеност и одговорно управување, Општина Гевгелија продолжува да работи на зајакнување на локалниот економски развој, унапредување на комуналната и сообраќајната инфраструктура и создавање нови можности за инвестирање и развој на општината во целост.

Актуелно

# ВИСОК СТЕПЕН НА БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2025 ГОДИНА

Советот на Општина Гевгелија, на својата 7. седница, ги усвои Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, како и Извештајот за работењето на Општина Гевгелија во 2025 година. Во текот на минатата година, остварен е висок процент на буџетска реализација од над 95%. Имено, вкупно реализираните приходи на Буџетот на Општина Гевгелија изнесуваат 832.166.000 денари или 95,18 % од планираниот буџет, во вкупен износ од 874.274.098 денари. Даночните приходи, во износ од 260.748.647 денари, се натфрлени за 133,05%, додека кај капиталните приходи, во износ од 27.459.443 денари, остварени се 97,14%. Неданочните приходи, во износ од 316.527.168 денари, се остварени со 63,35%, приходите од трансфери и донации, во износ од 527.430.742 денари, се реализирани со 84,35%.

Приходите на Основниот буџет се реализирани во висина од 453.262.087 денари или 97,37% од планираните приходи, во висина од 465.482.424 денари. Извори на приходи на Основниот буџет се даночните приходи - 260.748.647 денари, неданочните приходи - 3.950.981 денар, капиталните приходи-27.459.443 денари и трансфери и донации-161.103.016 денари. Вкупно реализираните расходи на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, во висина од 821.033.977 денари, изнесуваат 93,91% од вкупно планираните расходи, односно 874.098 денари. Реализацијата на капиталните расходи во вкупниот буџет учествува со 217.435.330 денари или 26,48%. Значајно е да се одбележи дека реализираните капитални расходи на Основниот буџет, во



висина од 206.009.046 денари, во споредба со планираните 215.854.118 денари, учествуваат со 95,43%. Тоа, несомнено, ја потврдува развојната компонента на инвестиционите активности, реализирани во текот на минатата година.

Осврнувајќи се на високиот степен на реализација на буџетот, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, потенцираше дека во 2025 година Гевгелија е една од четирите општини во Македонија со над 95% реализација на буџетот. Ваквата висока буџетска реализација на реализираните приходи и расходи се остварува веќе неколку години по ред, истакна Сарамандов, нагласувајќи:

- Овој резултат несомнено е најдобар показател за одговорното работење и посветеноста во спроведувањето на сите предвидени проекти и активности. Се надевам дека и во 2026 година ќе продолжиме со такво извршување, овозможувајќи реализација на тоа што ни е предвидено, со конкретни резултати, што директно ќе се почувствуваат во секојдневието на граѓаните.

# БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ КЛУЧЕН ПАРТНЕР НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов оствари работна средба со директорот на Бирото за регионален развој, Амет Имери, при неговата посета на Гевгелија. Притоа, беше нагласена досегашната успешна соработка на Локалната самоуправа со Бирото за регионален развој. Имено, во изминатите 4 години Општина Гевгелија континуирано аплицираше со проекти во Бирото за регионален развој и како резултат на тоа беа реализирани 11 проекти во општина Гевгелија. На средбата се разговараше и за тековните и идните проекти, кои се од значење за локалниот развој, со посебен акцент на инвестициите во инфраструктурата, како важен предуслов за подобрување на условите за живот.

По средбата, на која присуствуваше и директорот на Југоисточен Плански Регион, Јован Коцев, беше



извршен увид на спортската сала ДТВ „Партизан“. Проектот за целосна реконструкција на овој значаен објект за Гев-гелија беше реализиран во соработка со Бирото за регионален развој. Поранешната Соколана, која подоцна се користеше како спортска сала, повторно ќе биде отво-рена и функционална како мултифункционален објект. Локалната самоуправа во Гевгелија продолжува со изра-ботката и аплицирање на квалитетни проекти, заради обезбедување на средства за ефикасна реализација на проекти од значење за граѓаните на општина Гевгелија.

# ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА „ЛИДЛ“ МАРКЕТ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Со свечена церемонија на поставување камен - темелник, „Лидл“ (Lidl) официјално ја започна изградбата на уште еден маркет во земјава. Овој продажен објект ќе биде лоциран во Гевгелија и е прв маркет на „Лидл“ во оваа општина, како дел од долгорочниот инвестициски план на компанијата во Македонија. Маркетот во Гевгелија ќе се протега на површина од 2.356 квадратни метри, со продажен простор од 1.507 м². Дополнителна придобивка за купувачите ќе бидат и предвидените 130 паркинг места, што ќе овозможат удобно и практично пазарење. Со реализацијата на овој проект, „Лидл“ ја потврдува определбата за вложувања во современи малопродажни објекти изградени според највисоки стандарди, кои овозможуваат пријатно корисничко искуство и нудат внимателно селектиран асортиман, со оптимален сооднос меѓу високиот квалитет и поволните цени, како препознатлив белег на компанијата на сите пазари.

Според директорот за недвижности во „Лидл Северна Македонија“, Гоце Гаврилов, инвестицијата во Гевгелија е потврда за довербата на компанијата во потенцијалот на ова поднебје:

- Со стартот на изградбата на маркетот во Гевгелија продолжуваме со стратегијата за ширење на продажната мрежа и долгорочно инвестирање во земјата. Нашата цел е да изградиме продажни места кои се пространи, светли и современи, со модерен изглед, со еколошки материјали и со фокус на енергетска ефикасност, создавајќи удобно искуство за нашите потрошувачи, но и квалитетна работна средина за нашите вработени, нагласи Гаврилов. Притоа, потенцира дека секоја нова инвестиција на „Лидл“ има пошироко економско и општествено значење за локалната заедница и за националната економија со отворањето на нови работни места и соработката со домашните производители. Во таа насока, тој истакна дека се посебно горди што преку продажната мрежа на „Лидл“ за 2025 година е остварен извоз на македонски производи во вредност од 15.5 милиони евра. Гаврилов додаде дека компанијата има одлична соработка со институциите на локално и централно ниво, која се надева ќе продолжи и во иднина, заблагодарувајќи им се на градоначалникот Андон Сарамандов и на Советот на општина Гевгелија за досегашната конструктивна соработка, како и на тимот на компанијата и нејзините партнери вклучени во реализацијата на овој проект.



Градоначалникот на Гевгелија, Андон Сарамандов, на свеченоста истакна дека оваа инвестиција е значаен чекор за развојниот потенцијал на општината:

- Нашата отвореност како локална самоуправа за соработка со секој кој има намера да инвестира во Гевгелија, денес вроди со уште една значајна инвестиција. Гевгелија е меѓу првите градови во Македонија во кои почнува изградба на маркет на Lidl, инвестиција која дополнително ќе ја засили атрактивноста на нашата општина. Истовремено, ќе создаде нови можности за вработување и зајакнување на локалната економија. Општина Гевгелија излезе во пресрет на инвеститорот и овозможи целосна логистичка поддршка за реализација на проектот. Верувам дека досегашната соработка со тимот на Lidl ќе продолжи успешно и во идниот период. На мое огромно задоволство, во овие две години, во Гевгелија имаме три значајни инвестции кои ќе придонесат за подобар локален економски развој и економија. Изминатиот период како Локална самоуправа, презедовме повеќе конкретни мерки и активности за создавање на поволна бизнис клима. Беа реализирани повеќе проекти од сите области со цел привлекување на инвеститори и нови инвестициони вложувања во нашиот град. Општина Гевгелија продолжува по патот кој носи нови инвестициони вложувања, подобар животен стандард, нови работни места и создавање урбана и развиена Гевгелија- рече Сарамандов.

„Лидл“ е дел од групацијата „Шварц“ (Schwarz), со седиште во Некарсулм, Германија и е еден од водечките трговци со храна во Европа. Компанијата управува со околу 12.600 маркети и повеќе од 230 дистрибутивни и логистички центри во 31 држава, а вработува над 382.000 луѓе.

**Карванот „Каде што срцето е дома“ во Гевгелија**

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ КОН ГРАЃАНИТЕ

***- Министерот Перински и градоначалникот Сарамандов извршија увид на реконструкцијата на старото училиште во Серменин***

Министерот за локална самоуправа, Златко Перински, при посетата на општина Гевгелија, се сретна со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, а заедно со претседателката на Советот на Општина Гевгелија, Анета Стамкова, остварија средба со претставници од локалната самоуправа и јавниот сектор. Овие средби се дел од карванот „Каде што срцето е дома“, чија цел е преку директни контакти, размена на искуства, идеи и предлози да се идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат општините и заеднички да се изнајдат решенија за нивно надминување во насока на поголем напредок. Притоа, стана збор за новиот Ресурсен центар и активностите што ги презема Министерството за локална самоуправа за подобро функционирање на општините и подобрување на услугите кон граѓаните. Исто така, се разговараше и за развојните приоритети на Гевгелија и активностите кои ги спроведува Министерството за локална самоупрва.



При посетата на Гевгелија, министерот Златко Перински и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, го посетија селото Серменин и извршија увид во изведбените работи за реализација на Проектот „Алтернативни балкански рути за мобилност за одржлив туризам“ во рамки на програмата Interreg (VI-A) ИПА со Република Бугарија. Проектот има за цел да го поттикне развојот на одржлив туризам и подобрување на туристичката инфраструктура во регионот, а претставува важен чекор кон создавање нов туристички производ, кој ќе го поврзе прекуграничниот регион и ќе отвори нови можности за локалната економија, бизнисот и младите. Една од активностите на Проектот е реконструкција на старото училиште во селото Серменин, кое ќе биде трансформирано во мултифункционален туристичко-едукативен центар



Станува збор за првото училиште на македонски јазик во општина Гевгелија, кое ќе биде целосно реконструирано, обновено, внатрешно опремено и адаптирано во мултифункционален туристички центар. На приземјето од објектот предвидена е туристичко информативна точка и изложбени простори за дигитално презентирање на туристичките погодности и културното наследство на поднебјето. Исто така, предвидено е уредување на две наменски простории за разни општествени активности и престој на гостите. Покрај реконструкцијата на старото училиште, предвидена е и изградба на нова вело патека, во должина од 1.005 метри, од старото училиште до манастирот „Св. Илија“. Вредноста на инвестицијата во Серменин изнесува 308.767 евра, а средствата за реализација на Проектот се обезбедени од ЕУ, додека Министерството за локална самоуправа обезбедува 15% национално кофинансирање.

Според Перински, Проектот не само што значи нова инфраструктура туку и создава нов туристички производ, кој ќе го поврзе регионот и ќе отвори нови можности за локалниот бизнис, туризмот и младите. Притоа, истакна дека Југоисточниот регион има потенцијал за развој на туризмот, а ваквите проекти покажуваат како европските програми се претвораат во конкретни инвестиции на терен. Воедно, нагласи дека Владата преку двата Јавни повика за финансирање на инфраструктурни проекти во општините, за Општина Гевгелија одобри за финансирање 11 проекти во вредност од 221.514.791 денари. Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, очекува брзо завршување на Проектот и негово ставање во функција, со што Гевгелија и Серменин добиваат нов објект што ќе придонесе за збогатување на туристичката понуда.

# ИНФОРМАТИВНА ТРИБИНА ЗА ГЕВГЕЛИСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Во рамки на кампањата „Гласот што го слушаме – македонско најдобро", предводена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во Гевгелија се одржа трибина на која пред гевгелиските граѓани беа претставени актуелните политики и мерки за поддршка на земјоделското производство. Истовремено, на трибината се разговараше и за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат земјоделците. Но, и за можностите за дополнителна поддршка, за стабилно, конкурентно и одржливо македонско земјоделство од страна на државата.



- Гевгелија е пример како се развива земјоделството. Согласно податоците имаме близу 3.000 регистрирани земјоделски стопанства, со над 700 договори за користење на околу 2.800 хектари државно земјоделско земјиште. Минатата година, за мерката „зелена нафта" аплицирале над 890 земјоделци, со вкупна поддршка од близу 8 милиони денари, истакна министерот за земјоделство, Цветан Трипуновски и додаде дека токму овие бројки се доказ дека кога државата и земјоделците работат заедно, резултатите се видливи.

**На 47. Меѓународен саем за туризам во Белград**

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ГИ ПРЕТСТАВИ СВОИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Општина Гевгелија учествуваше на 47. издание на Меѓународен саем за туризам во Белград, Србија. Годинава, на покана на Министерство за култура и туризам, Гевгелија ги презентираше туристичките потенцијали и понуда на ова поднебје, почнувајќи од местоположбата и медитеранската клима, па сè до веќе постојните капацитети, кои овозможуваат развој на повеќе туристички гранки. Во прв ред, транзитен, планински, еко, спа, рурален, здравствен, културен и гастрономски туризам, но и можности за вело туризам за што веќе се мапирани постојните патеки и капацитети.

-Саемот беше одлична можност за промоција на нашите потенцијали, предвидени и дефинирани во туристичката платформа „Gevgelija Tourism – Spice up the journey. Она што како локална самоуправа го работиме изминатите години, е насочено кон позиционирање на Гевгелија на туристичката мапа како препознатлива и атрактивна туристичка дестинација. Туризмот претставува значаен сегмент од локалниот економски развој, со директно влијание врз зголемување на економската активност и поддршка на локалните бизниси. Наша цел е, исто така, транзитните туристи кои во најголем број се од Србија, на пат за Грција, да останат подолго во Гевгелија и околината - изјави градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, за познатата српска телевизија Nova.rs.

За време на Саемот, Сарамандов оствари средба со координаторот за промоција и поддршка на туризмот во Владата на Република Македонија, Билјана Стефаноска. Притоа, беше разговарано за унапредување и поефикасно искористување на можностите за промоција на туризмот во нашата држава. Во насока на промоција на туристичките потенцијали со кои располага Гевгелија, особено пред граѓаните од Република Србија, кои се редовни гости на Гевгелија, посебено е значајна е информираноста за



туристичките потенцијали на гевгелиското поднебје за нивен продолжен престој.

**Советничка хроника**

# УСВОЕНИ ЗАВРШНИТЕ СМЕТКИ

Советот на Општина Гевгелија, на својата 7. седница, ја усвои Завршната сметка на Општина Гевгелија и Завршните сметки за 2025 година на СОУ „Јосиф Јосифовски“, ООУ „Владо Кантарџиев“, ООУ „Крсте Мисирков“, ООУ „Ристо Шуклев“, ООУ „Климент Охридски“ и ООМУ „Васо Карајанов“ и на ЈОУДГ „Детска радост“. Исто така, ги усвои Завршните сметки, Извештаите за работа и Годишните програми за работа во 2026 година на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ РУ „Кирил и Методија“ и ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“. Усвоен е и Извештајот за реализација на Програмата за активности во областа на образованието за 2025 година, Извештајот за работата на Локалниот младински совет за 2025 година, Извештаите за реализација на Програмите за уредување на градежното земјиште и за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за 2025 година, Извештаите за реализација на програмите за социјалната заштита и еднаквите можности на жените и мажите за 2025 година, како и Извештајот за реализација на Програмата за финансиска поддршка на НВО во 2025 година.

На 8. седница, Советот на Општина Гевгелија донесе Одлуки за сопствено учество за изградба на парк со детско игралиште на улицата „Коле Неделковски“, за сервисните улици „Павел Шатев“ 2 и „Галилео Галилеј“, опрема за спортско игралиште во Богородица и уредување на плоштадот во Моин. Советот даде согласност на статутарни измени на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ и ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз-Тито“, како и на Финансискиот извештај, Годишната сметка и Извештајот за работењето во 2025 на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија.



Советот ги разгледа и Извештајот за јавната безбедност во општината за 2025 година и Информациите за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите и работењето на АД за водостопанство на РСМ-Подружница „Јужен Вардар“- Гевгелија.




Општина Гевгелија ја субвенционираше набавката на 100 велосипеди и електрични тротинети со по 4.500 денари. Субвенционирањето беше извршено согласно Одлуката на Советот на Општина Гевгелија, донесена на 8. седница, и објавениот јавен повик, со примена на принципот „прв дојден – прв услужен“.

# ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНОТ НА СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“

По повод Патрониот празник на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, во Народниот театар се одржа свечена академија на која учениците и професорите го одбележаа ликот и делото на патронот, пренесувајќи пораки за знаењето, традицијата и образовниот дух што го негуваат. Во својот поздравен говор на Свечената академија директорката на СОУ „Јосиф Јосифовски“, Розета Картова нагласи дека овој ден не е само свеченост, туку потсетник на вредностите што треба да ги носиме во себе секој ден. Делото на Јосиф Јосифовски нè учи дека вистинската големина на човекот се мери преку неговата пожртвуваност, истрајност и вера во подобро утре. Нашето училиште не е само место каде што се стекнуваат оценки, туку простор каде што се градат карактери, се развиваат идеи и се создаваат соништа, рече Картова.

На свечената академија, пред наставниците, родителите и бројните гости, меѓу кои и градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, младите таленти настапија со претставата „Посета“ од Венко Андоновски, поставена од Драмската група „Дон Кихот“, рецитали инспирирани од поезијата на Гане Тодоровски, Илија Карајанов, Коста Солев Рацин и Блаже Конески, а во музичкиот дел беа изведени познати хитови, на германски, англиски и македонски јазик.



# ЗГОЛЕМЕНИ КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

Советот на Општина Гевгелија, на 9. седница, го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2026 година, за периодот јануари – март. Од вкупно проектираниот Буџет за 2026 година, во висина од 887.172.293 денари, реализирани се приходи од 234.994.710 денари или 26,48%, од кои 25.085.609 денари се капитални, а 209.909.101 денар оперативни приходи. Од планираните приходи во Основниот буџет во висина од 446.289.554 денари, во првото тримесечје се реализирани 29,69% или 132.350.045 денари.

Вкупните расходи изнесуваат 222.967.575 денари, од кои 54.159.479 денари се капитални или 24,29%, а 168.808.096 денари се тековно-оперативни расходи. Во структурата на реализираните расходи на Основниот буџет во висина од 132.350.045 денари, капиталните расходи учествуваат со 53.138.791 денари или 40,10%. Според градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, буџетската реализација е на високо ниво, на приходната страна значително е учеството на даночните приходи, кое изнесува околу 44,38%. Остварена е висока реализација кај данокот на промет, од 9.743.124 денари, како и кај приходите од уредување на градежно земјиште (комуналии), кои достигнуваат 22.841.068 денари. Притоа, Сарамандов нагласи:

- Започна реконструкцијата на улицата „Маршал Тито“, а во завршна фаза е реконструкцијата на Старата чаршија. Извршено е внатрешно опремување на доградената Детска градинка „Сончогледи“ и партерно уредување со паркиралиште. Во тек е изградбата на улицата „Новопланирана 7“ кај ЈП „Комуналец, а во завршна фаза е изградбата



на фекалниот колектор, од кружниот тек до дискотеката „Де Факто“. Завршена е изградбата на фекална канализација, а во тек е изградба на водоводен систем на улицата „Александар Бел“, при крај е уредувањето на паркот со детско катче кај булеварот, како и детското катче кај Касарната, а во тек е реконструкцијата на старото училиште во Серменин. Се гради и атмосферска канализација на улиците „Кукушка“, „Петар Мусев“, „Ванчо Прке“ и „Гоце Делчев“, заврши изградбата на фекална канализација на улиците „Караорман“, „Леонид Јанков“, „Радован Ковачевиќ“ и „Новопланирана 2“ кај „Сончогледи“, и на канализациона и водоводна мрежа на улиците „Кожуф“, „Миле Пецанов“, „Панче Пешев“, „Караорман“ и „Ристо Јанев“. Во Негорци е изградена пешачка патека и приврушва изградбата на нов парк. Реконструирана е влезната улица во Моин, а изградена е фекална канализација во Милетково.

**(Фото вест)**

Реконструирано е машкото хронично одделение во Психијатриската болница во Негорци, во кое ќе се лекуваат пациенти со хронични состојби во психијатријата. Се работи за објект со површина од околу 550 м², за чија реализација беа вложени 13.779.761 денари. Со ова и претходно направените реконструкции, ЈЗУ Психијатриска болница - Негорци е дефинитивно установа за пример која ги има подигнато стандардите на највисоко можно ниво во македонското здравство. На ставањето во функција на реконструираното одделение во ЈЗУ Психијатриска болница - Негорци, присуствуваа голем број гости, меѓу кои министерот за здравство Азир Алиу, директорот на ФЗО Сашо Клековски




и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

Извештај за работењето на Општина Гевгелија во 2025 година

# ПОДОБРУВАЊА ВО КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ

Во Општина Гевгелија целосно се применуваат сите законски предвидени процедури за управување со процесите, како и законски предвидените надлежности. Притоа, се остварени значајни подобрувања во квалитетот на услугите, а во поглед на внатрешната организираност на Локалната самоуправа, остварено е високо ниво на користење на информатичката технологија при водење на ажурна документација, а забележани се и разработени методи за оценка на задоволство на граѓаните. Ова го констатира минатата година Словенечкиот институт за квалитет по редовната проверка на примената на ИСО 9001:2015 стандардот во Општина Гевгелија.

Остварувањето на надлежностите преку доброто управување со расположивите ресурси претставуваше императив и цел на локалната самоуправа во 2025 година. Значаен предуслов за тоа беше финансиската стабилност на Општината, но и зголемената отчетност, одговорност и активната транспарентност. Клучен предуслов за доброто управување е добрата информираност на граѓаните, поради што на тој план беа направени значајни исчекори. Граѓаните не само што беа информирани за сите активности на органите и активностите на локалната самоуправа, туку со своите иницијативи директно учествуваа во креирањето на општинската политика. Постигнатата меѓузависност на принципите на проактивна транспарентност, редовна отчетност и зголемена одговорност, во услови на зголемена реализација на предвидената буџетска



рамка, беше појдовна основа за целосна реализација на надлежностите.

Минатата година, беа реализирани и финиширани неколку капитални проекти, а истовремено започна имплементацијата на повеќе проекти за проширување и подобрување на патната, комуналната и спортската инфраструктура. Но, и за подобрување на условите и квалитетот на понудата во образованието, социјалната заштита, културата, спортот и воопшто целото општествено живеење. За остварување на ваквата цел од посебно значење беше ангажирањето и поддршката од општинската администрација, како и од локалните јавни претпријатија и установи. Значаен беше придонесот и остварената соработка на Градоначалникот на општина Гевгелија со Советот на Општина Гевгелија, не само во поглед на донесувањето на стратешките документи за развој на Општината, туку и за подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните.

# НОВИ ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

Во текот на 2025 година, Општина Гевгелија продолжи со континуирани активности за создавање и унапредување на поволни услови за локален економски развој. Посебен акцент беше ставен на подобрување и модернизација на комуналната и патната инфраструктура, како клучна основа за реализација на нови и тековни инвестициони проекти. Истовремено, Општината работеше и на подобрување бизнис-климата преку систематско решавање на основните комунални и урбанистички прашања, зголемување на ефикасноста на јавните услуги и редовна комуникација со бизнис-заедницата. Како резултат на тоа, во Гевгелија започна реализацијата на нови капитални инвестициони проекти: трговскиот центар „ГЕВГЕЛИЈА МОЛ“, кој веќе започна со работа, изградба на супермаркетот „ЛИДЛ“ и на трговскиот центар „МЕГА Шопинг“, која е во завршна фаза.

Реализацијата на овие големи трговски центри значително ќе придонесе за зголемување на вработеноста и поттикнување на економскиот развој. Исто така, беа преземени и повеќе активности за промоцијата



на општина Гевгелија како атрактивна туристичка дестинација, особено за транзитните туристи. Посебно внимание беше посветено на унапредување на туристичката инфраструктура, подобрување на јавните простори и валоризација на природното и културното наследство. Секако, и засилена промоција на туристичките погодности на поднебјето на меѓународните саемски манифестации со збогатен промотивен пропаганден материјал. Минатата година, беа изработени квалитетни проекти за аплицирање на домашните и меѓународните институции, од кои поголемиот број беа одобрени.

# ПРОШИРЕНА И ПОДОБРЕНА ИНФРАСТРУКТУРА

Една од приоритетните активности во Општина Гевгелија, минатата година, беше проширувањето и подобрувањето на патнатата инфраструктура. За таа цел, беа изградени неколку нови и значајни сообраќајници, кои значително ја подобрија сообраќајната комуникација и ја зголемија безбедноста во сообраќајот. Со реконструкцијата и бетонирањето на повеќе помали улици и краци подобрени се условите за живот во повеќе населени места. Додека пак, со изградбата на тротоари, станбени патеки и јавни површини зголемена е безбедноста на граѓаните. Во текот на 2025 година беа вложени 135.742.808 денари за изградба, ревитализација и проширување на патната инфраструктура, и тоа, на вкупна површина од 35.000 м$^2$.



Посебно значајна е изградбата на сообраќајницата „Свети Климент Охридски“, (продолжување на Западниот булевар), со што е решен еден од најгорливите сообраќајни проблеми во центарот на градот, особено сообраќајниот хаос од товарни возила кај ООУ „Крсте Мисирков“. Покрај ова, Гевгелија доби нов модерен и репрезентативен сообраќаен влез, кој овозможува непречен сообраќаен проток и зголемена функционалност. Две нови улици, исто така, значително ќе придонесат за подобрување на сообраќајниот проток во централното градско подрачје: во УБ 5„Касарна“ завршена е изградбата на влезната улица „Новопланирана сервисна 2“, додека започнаа изведбените работи за изградба на улицата „Новопланирана 7“, за продолжување на улицата„Гоце Делчев“ и директно поврзување со улицата„7 Ноември“.

Изведбените работи за проширување и подобрување на комуналната инфраструктура, како предуслов за поквалитетни комунални услуги, продолжија и во минатата година. И тоа, преку изградба на нови канализациони системи за одводни и атмосферски води во станбените населби во Гевгелија и во населените места. Исто така, се вршеше континуирано одржување на одводните канали и речни корита. За подобрување на комуналната инфраструктура во општина Гевгелија во минатата година беа вложени 23.845.494 денари.

# ПОДДРШКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Во сите основни училишта, како и во Средноучилишниот центар во општина Гевгелија, во текот на 2025 година, беа реализирани повеќе инвестициони активности и проекти, кои значително ги подобрија условите за квалитетна настава. Покрај санациските зафати, набавени се потребните нагледни средства, нов мебел и опрема. За таа цел, во петте Основни училишта и во Средноучилишниот центар„Јосиф Јосифовски“ беа вложени 11.669.696 денари. Покрај тоа, со бројни активности и мерки, и конкретна финансиска поддршка и награди за учениците значително придонесоа за унапредување на образовниот процес и младинското ангажирање. За таа намена за основно образование, минатата година, од Општинскиот буџет беа издвоени 500.000 денари, додека за средното образование 980.000 денари.



**Пред отворањето на „МЕГА Шопинг парк- Гевгелија“**

# САЕМ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА 500 ЛИЦА

Огромен интерес и рекордна посетеност од над 700 граѓани, предизвика првиот голем Саем за вработување на „МЕГА шопинг парк“ во Гевгелија. Настанот всушност го означи почетокот на формирањето на тимот за најголемиот шопинг-парк на целиот потег од Србија до Солун, на самиот влез во Гевгелија. Станува збор за дестинација изградена според највисоки европски стандарди, на површина од 5 хектари, со над 20.000 метри квадратни корисна површина,која се очекува целосно да го мапира регионот како нова незаобиколна трговска точка.

На саемот што се одржа во спортската сала ДТВ „Партизан“ во Гевгелија беа презентирани работните позиции на повеќе од 50 реномирани меѓународни и домашни брендови. Шопинг-паркот ќе понуди широк избор на брендови од различни категории, како што се мода, обувки, спорт, убавина и здравје, угостителство и супермаркет. Огромниот интерес на граѓаните и големиот број поднесени апликации се јасна потврда за економското влијание на „МЕГА шопинг парк“ врз целиот Југоисточен Регион.

На официјалното отворање на саемот се обрати генералниот директор на „МЕГА шопинг парк“, Сотирис Гианакуикис, кој упати голема благодарност до градоначалникот Андон Сарамандов и Општина Гевгелија за нивната континуирана поддршка и соработка при реализацијата на овој амбициозен проект. Нивната посветеност беше од клучно значење за реализација на оваа визија, а во продолжение на своето излагање Гианакуикис ги потенцира стратешките цели на инвестицијата:

- „МЕГА шопинг парк“ - Гевгелија е првиот, но и најзначајниот чекор во светот на трговијата, бидејќи ова ќе биде најголемиот шопинг-парк на целиот потег од Србија




до Солун. Со неговото отворање создаваме над 500 нови работни места, со цел таа бројка да надмине 800 до крајот на втората фаза. Ова е значаен придонес за локалната економија и силен поттик за пазарот на трудот.

Според градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, Општина Гевгелија со инвестицијата вредна околу 20 милиони евра, очекува значително подобрување на економската состојба на Општината и да се даде поттик за нови вработувања. Проектот „MEGAShoppingPark“ е развиен и управуван од компанијата „Aplusinzhinering“ ДОО, со цел да обезбеди разновидна понуда и нови можности за вработување за локалното население. Отворањето на „МЕГА Шопинг Парк Гевгелија“ се очекува да донесе значителен развој во економскиот живот на градот и да ја збогати понудата за потрошувачите од овој дел на Македонија. Оваа инвестиција претставува важен чекор во привлекувањето на познати трговски имиња и креирањето нови работни места. Големото свечено отворање на „МЕГА шопинг парк“ за сите посетители е закажано за крајот на мај оваа година.

# ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДГ „СОНЧОГЛЕДИ“

Просторот пред Детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија партерно е уреден заради подобрување на инфраструктурата и унапредување на безбедноста во овој дел од градот. По отворањето на доградениот објект на Градинката и зголемувањето на нејзиниот капацитет, Општина Гевгелија пристапи кон обезбедување нови паркинг-места и воспоставување организација на движењето. Со бекатон се уредени тротоарите, пристапните патеки кон Градинката и нов паркинг простор.

- Со овој зафат значително го подобруваме ликот на улица „Ристо Јанев“ и просторот околу Детската градинка. Со оглед на тоа што со изведбените работи се обезбедуваат нови паркинг места, несомнено, се зголемува и безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Особено на децата, кои престојуваат во оваа градинка и



нивните родители. Со ваквите активности ги подобруваме јавните простори, создавајќи функционални услови за секојдневен живот- истакна при увидот на градежните работи на улицата „Ристо Јанев“ градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ НА ПЕ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Со реконструкцијата на Подрачната единица на Фондот за здравство, во центарот на Гевгелија, по 14 години од напуштањето, Подрачното одделение на Фондот ќе се врати во старите простории. Објектот ќе биде целосно реконструиран и согласно новото техничко решение, адаптиран за поголема функционалност и отвореност кон граѓаните. Директорот на Фондот за здравство на Македонија, Сашо Клековски, заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, извршија увид на објектот на почетокот од реконструкцијата.

- Објектот е напуштен од 2012 година, а Подрачната единица работи во непристапни простории под кирија. Со оваа реконструкција, не само што ќе се заштедат овие средства туку и ќе се подобрат условите за работа на самата подрачна единица. Значително ќе се подобрат услугите кон граѓаните, но и условите за работа на вработените. Новостариот објект ќе биде пристапен за лица со посебни потреби, изјави директорот на Фондот за здравствено осигурување, Сашо Клековски, кој оствари средба со колегите во постоечките простории на Фондот за здравствено осигурување во Гевгелија.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов изрази задоволство од целиот зафат, нагласувајќи дека ваквите инвестиции, со поддршка на Владата, се за поздравување:



- Ме радува тоа што реконструкцијата на објектот ќе придонесе за додадена вредност на веќе отпочнатите активности за уредување и подобрување на ликот на центарот на градот. Обновениот објект ќе се вклопи во обновата на старото градско јадро на Гевгелија. Многу поважно е што ќе се подобри квалитетот на услугите кон сите здравствени осигуреници од регионот, нагласи Сараманов.

Реконструираниот објект на ПЕ на Фондот за здравствено осигурување во Гевгелија ќе располага со 150 $м^2$ и ќе биде готов за три месеци. Целокупната реконструкција и комплетното опремување на Подрачната единица ќе чинат 9,5 милиони денари. Во обновените простории, за првпат во Македонија, ќе се напушти шалтерскиот систем за работа и граѓаните услугите ќе ги добиваат во приемни канцеларии.

# СИЛНИОТ ВЕТЕР ПРЕДИЗВИКА ОГРОМНИ ШТЕТИ

Силниот ветер што на 18 февруари 2026 година го зафати подрачјето на Општина Гевгелија предизвика огромни штети во висина од 10.736.840 денари. Невремето, проследено со силен ветер, предизвика штети на јавен и приватен имот, при што се зафатени земјоделски површини, пластеници, станбени објекти, помошни објекти и моторни возила. Најпогодени беа населените места Гевгелија, Негорци, Прдејци, Богородица, Мрзенци и Смоквица, од каде што се поднесени и обработени 34 пријави, од кои 30 од физички и 4 од правни лица.

Комисијата за процена и утврдување на штети извршила теренски увид при што се констатирани оштетувања, кои се движат од 30% до 100%, во зависност од локацијата и степенот на изложеност на силниот ветер. Во делот на земјоделството, евидентирани се оштетувања на површина од околу 1,04 хектари, со различни земјоделски култури во повеќе фази на развој. Кај станбените и другите објекти, утврдени се оштетувања на кровни конструкции, при што вкупната евидентирана, оштетена површина изнесува над 3.400 квадратни метри. Дополнително, регистрирани се оштетувања и на моторни возила.

По усвојувањето на Елаборатот, Советот на



Општина Гевгелија на својата 9. Седница заклучи документот да биде доставен до Републичката комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди, Владата на РСМ, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за преземање соодветни мерки за ублажување на последиците. Во Елаборатот се посочува и потребата од зголемена информираност и користење на механизмите за осигурување, особено во делот на земјоделството и станбениот фонд, со цел намалување на ризиците и последиците од идни елементарни непогоди.

# РЕКОНСТРУИРАНА ВЛЕЗНАТА УЛИЦА ВО МОИН

Влезната улица во населеното место Моин е целосно реконструирана и пуштена во употреба, со што значително се подобрува пристапот и сообраќајната поврзаност во ова населено место. Реконструкцијата е реализирана преку Проект во соработка со Министерството за транспорт, при што е извршена целосна обнова на влезната улица. Во рамки на зафатот беше отстранета старата бетонска подлога и извршено е асфалтирање на улицата и неколку улични краци, во вкупна должина од околу 550 метри и површина од 1.800 квадратни метри.

Согласно постоечката планска документација за населеното место, задржани се постоечките одводни канали, додека на повеќе позиции е извршена замена на старите подземни цевки со нови, со цел обезбедување поквалитетно и долготрајно решение за одведување на атмосферските води. При посетата на Моин, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов разговараше со жителите за идните инфраструктурни проекти во ова населено место. Во



наредниот период се планира изградба на нов парк, како и дополнителни зафати кои ќе придонесат за подобрување на условите за живот во населеното место.

# ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА НА УЛИЦАТА „АЛЕКСАНДАР БЕЛ“ ВО МРЗЕНЦИ

Во тек се градежните работи за изградба на нов фекален канализационен систем на улицата „Александар Бел“, во Мрзенци, со вкупна должина од 800 метри. Со реализацијата на овој инфраструктурен зафат ќе се обезбеди целосно покривање на улицата со систем за одведување на отпадни води, што претставува значаен чекор кон подобрување на комуналната инфраструктура во овој дел од населеното место. По завршувањето на изградбата на фекалната канализација, предвидена е изградба и на нов водоснабдителен систем на оваа улица.

- Со реализацијата на овие зафати, жителите ќе добијат комплетно уредена комунална инфраструктура, која ќе овозможи поефикасно одведување на отпадните води, стабилно и квалитетно водоснабдување, како и



подобрување на условите за живеење и урбан развој на овој дел од Мрзенци.истакна при увидот градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

# НОВА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦА „МИЛЕ ПЕЦАНОВ“

Во Урбан блок 4.4 во Гевгелија, во тек е изградбата на нова атмосферска канализација на улицата „Миле Пецанов“, како дел од големиот Проект за уредување и целосно заокружување на комуналната инфраструктура во овој дел на градот. Проектот опфаќа изградба на нова фекална канализација, атмосферска канализација и водоводна мрежа, со што се поставуваат основите за функционално урбано живеење.Во рамки на градежните активности, во тек е изведбата на крак 4 од атмосферскиот цевковод Ф500, во должина од 400 метри, кој ги опфаќа улиците „Леонид Јанков“ и „Миле Пецанов“.

Со изградбата на новиот крак се добива трајно системско решение на проблемот со одведување на атмосферските води, како предуслов за безбедни и квалитетни услови за живот во оваа станбена населба.



Со целосната реализација на Проектот во УБ 4.4, дел од Гевгелија ќе добие комплетно уредена комунална инфраструктура, со што ќе се надминат досегашните проблеми и ќе се обезбеди целосно уредување на овој дел од градот.

# МАКЕДОНСКИ КАРИТАС ГО ПРЕЗЕНТИРАШЕ ПРОЕКТОТ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ

Македонски Каритас во Општина Гевгелија го претстави Проектот за водни услуги и климатска отпорност, кој е поддржан од Министерството за надворешни работи на Словенија и Словенски Каритас. Со Проектот се предвидува опрема и обуки за општинскиот кадар, размена на искуства со партнери од Словенија и поддршка на женски зелени иницијативи. На првата работна средба во Општина Гевгелија, претставници на Македонски Каритас го презентираа Проектот „Вклучување на жените во подобрување на услугите за достапност до чиста вода и санитација и зајакнување на отпорноста на климатските промени во Македонија".




Целта на Проектот е да се зајакнат локалните капацитети за справување со климатските ризици, особено во делот на водните ресурси, санитацијата и превенцијата од поплави и други климатски појави. Предвидена е набавка на опрема за интервенции, обуки за општинскиот кадар, како и размена на искуства со партнери од Словенија, со цел пренесување практични решенија за подобро управување со природните ресурси и намалување на ризиците.

# ИЗГРАДБА НА НОВ ПАРК СО ДЕТСКО КАТЧЕ ВО НЕГОРЦИ

Негорци наскоро ќе добие нов урбан парк за одмор и рекреација, на површина од 2.000 $м^2$. Во дворот на Детската градинка во ова населено место во тек се изведбените работи за изградба на нов модерен парк со детско катче и простор за одмор, дружење и рекреација на граѓаните. Согласно Проектот, паркот ќе располага со детско катче, нови пешачки патеки од павер елементи, урбана опрема за одмор и рекреација, модерно осветлување и хортикултурно уредување со систем за наводнување. По подготвителните градежни работи за поставување на подземна електроинсталација и хидрантска мрежа за наводнување, започнува и изградбата на паркот со сите предвидени содржини.



# ПОЧНА ЗАШТИТАТА ОД КОМАРЦИ

Со првото ларвицидно прскање, на почетокот од април, започна спроведувањето на активностите за заштита од комарци во општина Гевгелија со кои е предвидено третирање против ларви и возрасни форми на комарци на целото подрачје на општината. Со ларвицидното прскање се опфатени сите потенцијални жаришта на стојни води во населените места, вклучително и површините покрај реката Вардар и другите ризични локации каде постои можност за развој на комарци.Третманот се спроведува за навремено уништување на ларвите, со што значително се намалува ризикот од нивно понатамошно развивање во возрасни единки и ширење на заразни болести.Активностите за дезинсекција ќе продолжат и во наредниот период, согласно утврдениот план и временските услови, со цел обезбедување ефикасна, навремена и континуирана заштита од комарци на целото подрачје на општина Гевгелија.



# РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА СТАРАТА ЧАРШИЈА ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Старата чаршија во Гевгелија наскоро ќе добие ново руво. Проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на овој споменик на културата, што го спроведува Министерството за култура и туризам, со поддршка од Општина Гевгелија, интензивно се реализира. Во досегашните фази, изведени се комплетно нови подземни инсталации, поставени се нов водоводен систем со приклучоци до секој дуќан, нов фекален и атмосферски канализациски систем и целосно нова електрична инсталација, со што е обезбедено трајно и долгогорочно решение за сите објекти. Во моментот се работи на партерно уредување на Старата чаршија, целосно поплочување со гранит на улицата „Бранд Петрушев“ и тротоарите на улицата „7 Ноември“, а паралелно се изведуваат и фасадите.



**Гевгелиската чаршија е споменик на културата од крајот на 19. век и е дел од историјата, културата и идентитетот на гевгеличани. Со години по ред важела за главен трговско-занаетчиски центар. Според зачуваните податоци, на почетокот од 20. век, во Гевгелија имало 225 дуќани, 24 магацини и девет ана, додека најзастапени биле ковачкиот, лимарскиот, кројачкиот, чевларскиот и бакарџискиот занает.**



Станува збор за проект вреден 40.675.095 денари, чија реализација започна во април минатата година, а на која ѝ претходеше долг и сложен процес на подготовка на техничката документација и обезбедување на потребните дозволи и добивање на конзерваторско одобрение. Бидејќи станува збор за споменик на културата и значајно културно наследство заштитено од државата. По партерното уредување на целата чаршија, ќе следува и хортикултурно уредување, со целосна обнова на дрвниот фонд и засадување на нови садници за урбани средини. Исто така, ќе биде поставено ново, модерно осветлување, како на фасадите, така и на делот од партерот.

- Со обновувањето на Старата градска чаршија, која е белег на градот и која има силно историско и културно значење за гевгеличани, Гевгелија ќе добие туристичка атракција со традиционална архитектура. Тоа, несомнено, ќе придонесе за збогатување на туристичката понуда и развој на туризмот, како и за зголемен број посетители од страна. Таквото заживување на центарот на градот ќе го зголеми интересот за работа на дуќаните, кои во моментот послабо работат и со тоа чаршијата повторно ќе биде функционално градско јадро и атрактивен простор не само во секојдневниот живот на нашите сограѓани, туку и за реализација на различни културно-уметнички настани, смета градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој очекува по неколку месечните интензивни работи проектот, напролет, конечно да биде завршен.



# НОВ УРБАН ПАРК КРАЈ СУВА РЕКА



Крај Сува Река во Гевгелија ќе се гради нов урбан зелен парк на површина од 25.400 $м^2$., кој е одобрен за реализација од ИНТЕРРЕГ VI-A ИПА Програма за прекугранична соработка Бугарија–Северна Македонија 2021-2027. Во тек е тендерската постапка, по чие окончување ќе започне и реализацијата на Проектот. Паркот ќе се протега долж северниот брег на Сува Река, започнувајќи од источната страна, од улица „Солунска", па сè до завршетокот на улицата „Титоградска", односно сокакот кој води кон социјалните бараки на западната страна. Целиот овој простор ќе биде зазеленет со ниско и високо зеленило што позитивно ќе влијае на микроклимата на Гевгелија. Предвидени се земјени пешачки патеки изработени од ситно дробена камена ризла, поставена врз подобрено земјено тло со тампон и геотекстил и стабилизирана со мрежа од рециклирана пластика – полипропилен. Исто така, предвидена е урбана опрема со поставување на канти за отпадоци и клупи, како и настрешници со футуриситчки дизајн во вид на крошна од дрво. Покрај настрешниците ќе бидат поставени и смарт клупи со систем за напојување на електроника, како и паркинг за велосипеди и електрични тротинети со можност за напојување на истите. Со хортикултурното уредување е предвидено засејување на ниски и високи стеблести растенија, наводнувањето ќе се врши преку посебен систем, а предвидено е и модерно осветлување.

Како дополнителни тематски елементи на паркот се предвидува изработка на лавиринт од растенија, кој од птичја перспектива е налик на QR КОД, изработка на амфитеатар со специфична кружна форма, како и видиковец. Целокупната локација на паркот е во соодноc со планираната сообраќајница, согласно ГУП, која се протега долж целиот опфат и се наоѓа на претходно извршен насип и регулација на речното корито заради заштита од поплава. Од страна на НУ Завод за заштита на споменици на културата е издадено позитивно мислење дека на теренот не се забележуваат остатоци од каков било вид културно наследство. Проектот се реализира во рамки на програмата „Реставрација на зелена инфраструктура - Повторно размислување за зелената идеја", во партнерство со Спарева Бања од Бугарија. Вредноста на целиот проект изнесува 33.178.975 денари или 536.876 евра, од кои 14,39% обезбедува Министерството за локална самоуправа. Општина Гевгелија како сопствено учество обезбедува 1.529.159 денари, а најголемиот дел од средствата – 31.649.815 денари или 512.132 евра се обезбедени од ЕУ.

# ЦРКВАТА „СВ. АТАНАСИЈ" - СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА

Црквата „Св. Атанасиј Велики" од 19. век, сместена на падините на Кожуф во гевгелиското село Габрово, ќе биде прогласена за споменик на културата. Советот на Општина Гевгелија веќе донесе одлука за прогласување на црквата„Св. Атанасиј" за значајно културно наследство, со што е отпочната постапката за нејзина заштита и реставрација. Во годишната програма на Националната установа Завод за заштита на спомениците и Музеј – Струмица се предвидени 217.000 денари за изработка на основен проект за фрескоживописот и 500.000 денари за архитектонскиот дел од реконструкцијата на храмот.

Со иницијативата за заштита и реставрација на црквата „Св. Атанасиј" како културно наследство, покрената од месната заедница и црковниот одбор, беа запознаени министерот за култура и туризам, Зоран Љутков и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, при нивната посета на Габрово. По донесената одлука, НУ Завод за заштита на спомениците и Музеј од Струмица ќе спроведе постапка за погласување на црквата во споменик на културата, а потоа следува





изработка на проект за целосна реконструкција и реставрација. Станува збор за една од најстарите цркви на подрачјето на општина Гевгелија, изградена од неимарот Андон Китанов во 1851 година, а фрескоживописана во втората половина на 19. век од Димитар Андонов – Папрадишки, кои датираат од 1863 до 1878 година.

**Со финансиска поддршка од Општина Гевгелија**

# РАЗНОВИДЕН И ЗБОГАТЕН КУЛТУРЕН ЖИВОТ

Општина Гевгелија годинава со 9.680.710 денари ќе ги поддржи културните манифестации, настани и проекти на културните установи и здруженија на граѓани, кои придонесуваат за збогатување на културниот живот. За таа цел, беше објавен Јавен конкурс за финансирање на програми и проекти од областа на културата, на кој пристигнаа 47 апликации. Станува збор за активности, проекти и веќе етаблирани настани и манифестации од областа на културата на локални јавни установи, културни работници, самостојни уметници и здруженија на граѓани. Со усвоената Програма за финансирање на проекти и активности од областа на културата, од страна на Советот на Општина Гевгелија, предвидена е реализација на бројни разновидни и интересни културни настани.

Традиционалните културни манифестации, кои ја брендираа Гевгелија како значаен културен центар, како што се Фестивалот „Вкуси го југот", Детскиот музички фестивал „Калинка", Спасовден, Седмоноемвриската културна недела или алтернативниот фестивал „БОШ и Меѓународниот натпревар на млади пијанисти, и годинава ќе придонесат за збогатување на културниот живот. Секако, и активностите на културно-уметничките друштва и



фолклорни ансамбли, кои анимираат сè поголем број на млади луѓе и го афирмираат фолклорот во земјата и во странство. Интересни програми понудија и локалните културни установи - Домот на културата, Пионерскиот дом, Градската библиотека „Гоце Делчев", РУ „Кирил и Методиј", и тоа, значително збогатени со нови содржина. Така, годинава во Гевгелија ќе се одржи првата Вајарска ликовна работилница, во организација на Работничкиот универзитет, потоа, „Џаџеви денови" во организација на Домот на културата, неколку театарски претстави во продукција на Пионерскиот дом, а Градската библиотека предвидува издавање на Туристички водич за културно историските споменици во Гевгелија и гевгелиско.

# „ЗА ТЕБЕ ЉУБОВ МОЈА" – ВИСТИНСКИ РЕПРЕЗЕНТ НА ПИШАНИОТ ЗБОР И НОТИ

Поетско-музичката вечер „За тебе љубов моја", во организација на Здружението „Од станица до граница", го доживеа своето 28. издание, кое покажа дека е повеќе од манифестација посветена на жената. Во салата на хотел „Аполонија" и годинава со стихови и музика се чествуваше жената, но, истовремено се афирмираше македонската и светската поезија. Започната како настан на кој ќе се промовира роднокрајното творештво, „За тебе љубов моја" денес е вистински репрезент на убавиот пишан збор и ноти. И тоа, рецитирани и пеани од професори, лекари, архитекти, работници, од сите оние кои ја почитуваат и негуваат литературата и музиката. Проследени од уште побројна, разновидна и млада публика, која не го криеше своето задоволство.

Гостин на вечерта беше Никола Маџиров, еден од најпреведуваните македонски поети во светот, зад чии едноставни стихови се крие една длабока мисла и голема вистина. Гевгелиската публика со долготраен аплауз го награди Маџиров, кој создава и знае својата поезија да ја доближи до



секој присутен. Годинава, на „За тебе љубов моја" настапија: Стефчо Стефанов, Ања Поп-Костова, Ангелина Митрова, Розита Андонова, Светлана Стојковиќ, Александар Стојанов, Силвестер Проле, Ламбрина Лазаревска, Теодора Гошева и Димитар Ангов, Александра Ќаева, Бисерка Макревска и Јована Дупарова, Марија Циџева, Марија Каркалашева и Томе Каркалашев, Петар Јанчев, Иван Делиманов, Катица Џишева Дупарова, Тони Аврамов, Боркица Мурџева, Даниела Џишева, Каме Ќаев, Слободан Крџев и Александар Стојанов.

# ГЕВГЕЛИСКА ВЕЗИЛКА




Вториот по ред Меѓународен детски фестивал „Гевгелиска везилка“ започна со фолклорното дефиле на 200 млади играорци од три земји, кои со заедничко оро, покажаа дека културата нема граници. По фестивалското дефиле, во Народниот театар во Гевгелија, се одржа фолклорна вечер исполнета со фолклорни песни и ора од Македонија, Србија и Босна и Хецеговина. Имено, на годинашниот фолклорен фестивал „Гевгелиска везилка“ учествуваа младите фолклористи на домаќините, ансамблот „Бојмија“, потоа КУД „Илинден“ од Битола, КУД „Гоце Марковски“ од Долно Лисиче, Скопје, Фолклорниот ансамбл „Мегдан“ од Богданци , како и гостите, КУД „Соко“ од Сокобања, Република Србија и Фолклорниот ансамбл „Неретва“ од Јабланица, од Б и Х.

- Фолклорот е повеќе од игра и песна - тоа е јазик што ги спојува луѓето, срцата и културите без граници. Кога се игра со душа, сите сме едно - различни по традиција, но исти по љубовта кон фолклорот. Токму овде се раѓаат најубавите пријателства што траат засекогаш, вели Игор Илиевски, претседател на Ансамблот „Бојмија“. Истото мислење го делат и претставниците на Ансамблот „Неретва“ од Јабланица, кои веќе 18 години соработуваат со гевгелискиот ансамбл, но и членовите на „Соко Бања“, кои за првпат беа во Гевгелија.




## ПРИКАЗНА ЗА РУСАЛИИТЕ ПРЕТОЧЕНА ВО СТРИП

Во Домот на културата во Гевгелија беше отворена изложбата „Русалии – Танц и традиција“, која ги обединува традиција, уметноста и современиот визуелен израз. Изложбата претставува уникатен пристап кон зачувувањето и современото интерпретирање на животното културно наследство, преку соработка меѓу културни институции и млади автори. Централно место во проектот има илустраторот Димитри Балојани, кој русалиската традиција ја претвори во впечатлива стрип-нарација. Низ динамични панели и силна визуелна симболика, посетителите имаат можност да ја проследат приказната за Русалиите.

# МИРАВЦИ ЈА СЛАВЕШЕ „ЃУРА МАРА“

На третиот ден од Велигден, во Миравци, пред голем број граѓани, љубители на фолклорот и гости од земјата и странство, се одржа уште едно впечатливо издание на манифестацијата „Ѓура Мара“. Централно место имаше легендата за убавата Мара, приказна што се пренесува од генерација на генерација, во чија сценска интерпретација учествуваа повозрасните и најмладите миравчани. Во програмата беа изведени познатите изворни песни „Собрале ми се набрале“, „Бој се бие“, „Цуцул пасе говеда“ и „Ај да го играме плетеното оро“, а преку драмска игра беше прикажан обидот за грабнување на Мара од турските војници и херојскиот подвиг на нејзиниот брат Ѓуро за нејзиното спасување. Публиката имаше можност да ужива и во разновидните традиционални игри и песни на домакините – КУД „Танец“ и гостите - КУД „Живојин Жико Мандиќ“ од Кнежеви Виногради, Хрватска, КУД „Браќа Минкови“ од Струмица, Женската пејачка група „Ѓердан“ од Штип, како и гости од Општина Пеонија (Крива), Грција.

- Приказната за убавата Мара, пренесувана низ генерациите, прерасна во вековна традиција што ги



обединува мештаните и го чува нашето културно наследство. Честитки до организаторите од КУД „Танец“, како и до сите гости и учесници за прекрасна атмосфера. Наша заедничка обврска е да ја негуваме македонската традиција, а како локална самоуправа секогаш ќе ги поддржуваме ваквите настани, кои придонесуваат за тоа, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој заедно со членови на Советот на Општина Гевгелија и други функционери, присуствуваше на годинашното одбележување на „Ѓура Мара“ во Миравци.

# ПОДДРШКА ЗА ПОГОЛЕМА МЛАДИНСКА АКТИВНОСТ

Општина Гевгелија продолжува со активното спроведување на политики за поддршка на младинските активности и развој на младинскиот сектор. Во текот на минатата година, преку Локалниот младински совет, Локалното собрание на млади и службеникот за млади, се реализираа низа активности насочени кон јакнење на капацитетите на младите, нивно активно учество во донесувањето одлуки на локално ниво, како и поддршка на младинските иницијативи и граѓански активизам. Настаните и обуките опфатени во овој извештај беа реализирани во рамки на различни проекти и програми, како што се „Информирај се! Активирај се!", „Регионален младински парламент", „YOUR-JOBII" и „Мисли глобално, дејствувај локално", во партнерство со локални, регионални и национални организации, како и со поддршка од национални и меѓународни институции.

Целта на овие активности беше да се овозможи младите да стекнат знаења и вештини за креативен активизам, граѓанско учество, комуникација со јавни




институции и медиуми, како и за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики. Покрај ова, Општина Гевгелија обезбедува и финансиска поддршка за активностите на младите и нивното едуцирање: стипендии за 18 студенти на Медицинските факултети и на 5 студенти на ФЕИТ и на Машински факултет. Минатата година за 181 матурант беа обезбедени 604.078 денари за организација на матурска вечер, а за поддршка на ученици од СОУ „Ј. Јосифовски" на меѓународни натпревари, беа исплатени 180.000 денари.

# ГЕВГЕЛИСКО-ЈАБЛАНИЧКО СУПЕР УЧИЛИШТЕ

Младите од збратимените општини Гевгелија и Јабланица, преку Проектот „Супер училиште", продолжија со успешната соработка создавајќи вистински мост на пријателство. Средношколците од СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија и од ЈУ Средно училиште „Јабланица" во збратимената Општина Јабланица, Б и Х, и годинава, разменија посети и покажаа како да се едно семејство. За време на посетата на гевгелиските ученици на Јабланица и возратната посета на јабланичките на Гевгелија, една недела престојуваа во семејствата на домакините. Покрај бројните работилници и запознавање со историските и културните знаменитости, имаа средби и со градоначалниците на Гевгелија, Андон Сарамандов и на Јабланица, Емир Муратовиќ.

- Посебно сум задоволен што СОУ „Јосиф Јосифовски" по вторпат го добива овој престижен статус, а тоа е потврда за посветената работа на Училиштето и неговата активна улога во градењето на позитивни вредности кај младите.Ваквите иницијативи се посебно значајни, бидејќи имаат клучна улога во градењето доверба, разбирање и соработка меѓу младите од регионот. Преку ваквите проекти, учениците имаат можност да се запознаат



со различни култури, да стекнат нови пријателства и да се развиваат како активни и одговорни граѓани, истакна на средбата градоначалникот Андон Сарамандов.

Програмата за размена на РИКО-Супер училиште се спроведува меѓу 90 средни училишта во Западен Балкан. Проектот е поддржан од Европската комисија и Германското сојузно Министерство за економска соработка и развој, а се имплементира од Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) и Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ).

СОУ„Јосиф Јосифовски“

# УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ НА ЕКОНОМСКАТА ОЛИМПИЈАДА 2026 ГОДИНА

Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија постигнаа значајни резултати на Државниот натпревар по Економска олимпијада 2026, кој се одржа на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Ученикот Стефан Младеновски и годинава го освои првото место, со што обезбеди пласман во националниот тим, кој ќе ја претставува државата на Меѓународната економска олимпијада во Атина. За постигнатиот резултат, тој беше награден со ваучер од 12.000 денари од Нептун и 100% стипендија на Универзитетот на Југоисточна Европа.

Значаен успех постигна и ученикот Јован Оџаков, кој како првопласиран на Регионалниот натпревар на државно ниво се пласираше помеѓу првите 10 ученика, при што беше награден со лаптоп и ваучер од 12.000 денари од Нептун. На Државниот натпревар, исто така,




учествуваа и ученичките Ивана Ѓорбашлиева и Јелена Кнежевиќ, под менторство на професорките Снежана Кичукова и Софија Тошева-Раманчева. Инаку, на Националната економска олимпијада учествуваа вкупно 89 ученици од 61 училиште од целата држава, избрани од најуспешните натпреварувачи од регионалниот круг.

# РЕЗУЛТАТИ И НА РЕГИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР ПО ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ

Учениците од IV година Трајче Панев и Кристина Самарџиева постигнаа значаен успех на регионалниот натпревар по дигитален маркетинг, кој се одржа во ДСУРЦ „Партенија Зографски“ во Скопје. Натпреварот беше организиран од Здружението „Стерна“ и Занаетчиската комора на Македонија, со цел поттикнување на креативноста, иновативноста и претприемачкиот дух кај учениците, како и развивање на практични знаења и вештини во областа на дигиталниот маркетинг.



Гевгелиските ученици успешно ги демонстрираа своите знаења, аналитички способности и креативен пристап при изработката на натпреварувачките задачи, со што достојно го претставија училиштето. Со својата успешна презентација и постигнати резултати, ученичката Кристина Самарџиева се пласираше на државниот натпревар, што претставува значајно признание за нејзиниот труд, посветеност и знаење. Учениците беа подготвувани и менторирани од професорката Снежана Кичукова.

# „GEVGELIJA DANCE FEST“ СО ШЕСТОТИНИ ТАНЧЕРИ И СИЛНА ПОРАКА

Со голема посетеност, силна сценска динамика и разновидна танцова програма, во спортската сала „26 Април“ во Гевгелија се одржа третото издание на Интернационалниот танцов натпревар „GEVGELIJA DANCE FEST“. На Фестивалот учествуваа над 630 танчери од танцови студија од повеќе градови низ државата и соседството: Aqua Dance Club- Скопје, BS Anabela- Велес, Stars- Кавадарци, Ultra- Куманово, Dancers United- Скопје, Extreme- Ниш, MDT- Свети Николе, Marbal- Скопје, One Way- Струмица, Urban Crew- Штип и UrbanCrew- Свети Николе и домаќинот „Мистик“- Гевгелија. Младите танчери се натпреваруваа во повеќе категории и дисциплини, а најдобрите беа наградени со пехари и медали. Во рамки на Фестивалот, организиран одТанцовото студио „Мистик“ од Гевгелија,посебно внимание привлече Танцовото студио „Еурека“ - Скопје со инклузивен настап на лица со попреченост, кој беше поздравен од публиката и испрати силна порака за еднакви можности и достапност на уметноста за сите.

Учесниците, на возраст од 4 години, па нагоре, настапија како солисти, во дуети, групи, формации и продукции, а нивните изведби беа оценувани од стручна жири-комисија. Во текот на натпреварот беа претставени различни танцови стилови - од класичен и современ балет, преку џез и showdance, до латино и современи урбани правци како хип-хоп, streetdanceshow и K-pop. Почесен



гостин беше министерот за локална самоуправа, Златко Перински, кој заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, го проследија настанот.

- Преку ваквите културни и спортски настани живее и се афирмира нашата Гевгелија.Како локална самоуправа ги поддржуваме и во иднина ќе продолжиме финансиски и логистички да ги поддржуваме ваквите настани, како важен сегмент во развојот на културата, туризмот и младинските активности. Ваквите манифестации, покрај културната вредност, имаат и значајно влијание врз промоцијата на Гевгелија како атрактивна дестинација за разновидни настани. Честитки до сите учесници за ентузијазмот и организацијата на фестивалот, истакна градоначалникот Сарамандов.

# УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ НА ИЗЛОЖБА ВО ПАРИЗ

Учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ во Гевгелија со 30 избрани творби беа дел од престижната изложба „Мојата омилена книга“ во Париз. Во конкуренција на девет француски училишта, младите уметници од Македонија својата креативност повторно ја претставија пред меѓународната публика. Проектот ја поврзува француската литература со визуелната уметност, а Изложбата е поддржана од француското Министерство за култура. На покана на ликовната уметница со македонско потекло, Анита Алабо и визуелната уметница од Франција, Јоланда Ајо, гевгелиските основци од четврто до деветто одделение, создадоа 150 ликовни творби под менторство на наставниците Александар Јанев и Наташа Смилкова. Од нив, стручна комисија составена од ликовни уметници и наставници од



Гевгелија избра 30 најдобри дела, кои беа изложени во Париз, кои претходно гевгелиската публика можеше да ги види во ликовниот сало на хотелот „Аполонија“.

# МЕДАЛИ ЗА САРА АНДОНОВА И ЈОВАН КАРАЌАЕВ

Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ Сара Андонова и Јован Караќаев на 21. издание на најголемиот кулинарски натпревар и фестивал „Бисер на морето“ на островот Брач, Република Хрватска, ги презентираа своите кулинарски вештини и освоија пет медаљи. Сара Андонова се натпреваруваше во 3 категории, за десертот доби златен медал во јуниорска и сениорска конкуренција, а за рижотото и батакот освои сребрени медали. Јован Караќаев се натпреваруваше исто така во 3 категории, за равеолите го освои сребрениот медал, а за пилешкото и рижотото, бронзениот медал. На фестивалот годинава учествуваа 500 врвни професионалци, готвачи и кулинарски експерти од 15 земји, меѓу кои беа и ученици од 48 средни училишта и студенти од два угостителски факултети.




**Средба со Иван Шуклев**

# МЛАДИТЕ, СЕПАК, НЕ ГО НАПУШТААТ ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО



Младиот гевгеличанец Иван Шуклев, комерцијален директор на „Витториа Фруит“, е вистински и позитивен пример дека младите не го напуштаат земјоделството. Овој млад човек, по школувањето во Словенија, се враќа во Гевгелија и во 2015 година и се приклучува во семејниот агробизнис. Компанијата „Витториа Фруит“ е семејна компанија основана во 2007 година од неговиот татко, адвокат по професија, која располага со едни од најголемите лозови насади за трпезно грозје на Балканот, а во блиска иднина се очекува „Витториа Фруит“ да се најде меѓу петте најголеми производители на трпезно грозје во Европа. Денес трпезното грозје на „Витториа Фруит“ се извезува во Австрија, Чешка, Унгарија, Полска и Холандија, и тоа, во супермаркетите на Billa, Rewe, Lidl, Aldi, Hofer…

- Најважната работа за успех, не само за „Витториа Фруит“, туку и за секој производител на свежо овошје и зеленчук, е да се биде во чекор со другите европски земјоделски производители. Ние, како производители на свежо грозје, се трудиме секогаш да бидеме во чекор со технологијата и дигитализацијата што ја применуваат нашите европски конкуренти. Во последно време сè почесто се зборува за рационално користење на водата во производствените процеси. До пред неколку години, кога нашата компанија немаше пристап до метеоролошка станица, се базиравме на проценките за наводнување на нашите агрономи. Со поддршка од Швајцарската програма за зголемување на пазарната вработливост-ИМЕ и Фондот за иновации и технолошки развој (ИНОВА), имплементиравме ултрамодерна метеоролошка станица со сонди за влага во почвата и модели кои алармираат кога се создаваат предуслови за појава на одредени болести на виновата лоза и кога треба да се прска за заштита. Со помош на метеоролошката станица, од 2021 година досега го намаливме користењето на пестициди за 40%, вели Иван Шуклев.

„Витториа Фруит“ во 2022 година постави соларни панели, така што во летната сезона за ладилниците ја користи електричната енергија од сопствено производство, што значително ги намали трошоците за енергија. Посебно внимание се посветува на оддржливо управување со отпадот - освен рециклирањето на пластичните фолии, набавена е посебна машина за мелење на гранките, а отпадот се враќа во почвата како органско ѓубриво. „Витториа Фруит“, исто така, е првата и сè уште единствена компанија во Македонија што ги покри лозовите насади со пластични фолии во 2021 година, така што од вкупно 140 хектари, 11 хектари со лозови насади се покриени со пластична фолија.

- Придобивките од ваквите иновации се голе-ми, но проблемот кај нас е што многу земјоделци, доколку немаат поддршка, не можат самостојно да ја финансираат инвестицијата. Во соседна Грција државата покрива 90% од трошоците за поставување на вакви фолии со неповратни средства. Но, тоа не е единствениот проблем, работната сила е сè поголем проблем, не само во земјоделството, туку и во другите гранки. Во здружението „Макфреш“ веќе има три компании што почнаа да увезуваат странска работна сила, бидејќи недостигот навистина станува неиздржлив. Сигурен сум дека кога компаниите ќе понудат фер услови, младите луѓе би одлучиле да останат и да заработуваат тука, наместо во странство. На пример, во „Витториа Фруит“ ангажираме многу сезонски работници во постбербените активности, и тоа, студенти од околината на Гевгелија, кои го користат летниот распуст за да заработат.

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СИТЕ СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ



Спортските активности и манифестации во текот на 2026 година ќе бидат значително збогатени. Општина Гевгелија за таа цел од општинскиот буџет издвои 25 милиони денари. Програмата за финансирање на спортски активности во 2026 година содржи бројни натпревари и манифестации на 43 физички и правни лица од областа на спортот, пријавени на објавениот јавен конкурс. Вреди да се забележи дека Општина Гевгелија преку оваа програма не ги финансира само активностите и натпреварувањата на спортските клубови во фудбалот, кошарката, ракометот и одбојката. Туку и активностите на спортските работници и здруженија во повеќе други спортови: во атлетиката, шахот, мотокросот, тенисот, пинг-понгот, карате спортот, планинарството, велосипедизмот.

Како резултат на поддршката од страна на Општината, Гевгелија со атлетската трка „November Run Gevgelija", веќе се афирмира како значајна атлетска метропола. Но, исто така, и како домаќин на Меѓународниот шаховски турнир, манифестацијата „Сите во Серменин" на Гевгелиски точак клуб, тенискиот турнир „Круна Опен" и Инклузивната атлетска трка на фондацијата „Ице Бегов". Годинава посебно ќе бидат поттикнати активностите на здруженијата на граѓани со инвалидитет, така, во организација на спортскиот клуб на слепи лица „Ауриора" во Гевгелија ќе бид организиран Регионален турнир во глобал за слепи лица, Меѓународен викенд турнир во шах, во организација на Здружението на слепи лица, натпревар во атлетски повеќебој на Здружението за лица со инвалидитет „Мобилност" и општински и меѓуопштнски натпревари во стрелаштво и пинг понг на Клубот за спорт и рекрација на инвалиди. И годинава нема да изостанат традиционалните меморијални турнири во кошарка – „Иван Пенов" и во мал фудбал „Никола Гелебешев", како и други турнири во населените места.

# ВЛАТКО СЕМЕНАКОВ СО ДВА МЕДАЛА НА БАЛКАНСКОТО ПРВЕНСТВО ЗА ВЕТЕРАНИ ВО СЛОВЕНИЈА




Атлетичарот на АК „7 Ноември" Влатко Семенаков од Балканското првенство во атлетика за ветерани во сала, кое се одржа во Ново Место, Словенија, се врати со две освоени медала. Семенаков го освои освои првото место на 800 метри, со резултат од 2.17.08 и третото место, во дисциплина 1.500 метри, во категоријата М-40, со резултат од 4.40.90 Првенството се одржа во организација на Здружението на атлетски ветерани на Словенија, во соработка со Атлетскиот клуб „Крка" од Ново Место,




Инаку, атлетичарите на екипа на АК „7 Ноември" од Гевгелија учествуваа и на годинашниот „Сплитски маратон". Гевгелиските атлетичари во тимската трка на 10 километри наречена „Мазда тимска 10 км." забележаа уште еден успех. Влатко Семенаков, Тодор Анчев, Даниел Анчев и Стеван Ѓошев постигнаа одличен успех, освојувајќи го второто место во севкупна конкуренција.

# МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО ОДБОЈКА „ЉУБЕ ЕФТИМОВ“




Во спортската сала при СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, се одржа 1. Меморијален турнир во одбојка „Љубе Ефтимов“, посветен на поранешниот одбојкар и спортски талент, кој својот живот го посветил на одбојката. Турнирот беше организиран на иницијатива на Одбојкарскиот клуб „Гевгелија Ветерани“, а учествуваа екипи од Гевгелија, Стру-мица и Тетово. На настанот, покрај членовите на семејството на Љубе Ефтимов, присуствуваше и градоначалникот на општина Гевгелија Андон Сарамандов, како и Петар Јовановски, претседател на Одбојкарска федерација на Македонија, кој го отвори Мемо-ријалниот натпревар.

Сарамандов истакна дека ваквите настани имаат посебно значење, бидејќи преку спортот се оддава почит кон личности, кои низ својот животен пат оставиле траен белег во гевгелискиот спортски живот, честитајќи им на организаторите за реализацијата на овој спортски настан.Љубе Ефтимов (1954–2020) беше леген-да на гевгелиската одбојка, со кариера која траеше три децении во неговиот матичен клуб ОК „Винојуг“ во Гевгелија. Во текот на својата професионална патека, тој настапуваше во најсилниот состав на ЈНА, конкурирајќи со екипи од сите југословенски републики, а подоцна беше дел од „Б-селекцијата“ на репрезен-тацијата на Југославија.

Покрај своите спортски успеси, Љубе остави и значајно наследство како иницијатор и основач на Одбојкарскиот клуб „Гевгелија“, кој и денес ја негува неговата визија за спортот во заедницата. Со својата посветеност и континуитет, тој се стекна со почит и во локалните спортски кругови и пошироко, оставајќи траен белег во гевгели-скиот одбојкарски живот. Актив-ностите на Одбојкарскиот клуб - Гевгелија „Ветерани“ се поддржани од Општина Гевге-лија преку Програмата за финан-сирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2026 година.

# ГЕВГЕЛИСКИТЕ КОШАРКАРИ И КОШАРКАРКИ - ПРВОЛИГАШИ

КК „Гевгелија“во наредната натпреварувачка сезона ќе се натпреварува во Првата македонска кошаркарска лига. Гевгелиските кошаркари на домашен терен го совладаа КК „Шар Планина“ од Гостивар со резултат 67:56 и со резултат 2:1 се изборија за прволигашки статус. И гевгелиските кошаркарки станаа нов член на Шпаркасе Првата лига. ЖКК „Гевгелија“ во решавачкиот трет меч од финалната серија, во Гевгелија извојуваа висока победа над екипата на ЖКК „Струга 2029“, со резултат 68:44.



## СВЕТИ ТРИФУН



Денот на лозарите - Св. Трифун, традиционално беше одбележан во Гевгелија и во општината, а централната прослава беше одржана и годинава во Прдејци, каде што во дворот на црквата „Света Петка" беа закроени лозовите насади. На оваа традиционална општинска манифестација присуствуваа голем број лозари и гости, меѓу кои и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, кој присуствуваше и на настанот во чест на Св. Трифун во Миравци. Денот на лозарите свечено беше одбележан и на плантажите на најголемиот производител на наливно вино – „Ригоимпекс" и на најголемиот производител на трпезно грозје „Витториа фрут".

## КРВОДАРУВАЊЕ



Од страна на Општинската организација на Црвениот крст во Гевгелија, минатата година, беа организирани 15 крводарителски акции во соработка со Одделението за трансфузиона медицина при Општата болница- Гевгелија и, притоа, беа собрани 822 единици од оваа драгоцена течност. Акциите за крводарување продолжи и годинава: по повод Денот на крводарителството, во традиционалната крводарителска акција беа дарувани 73 единици крв од страна на граѓаните, меѓу кои и припадниците на затворската полиција при КПУ Затвор- Гевгелија. Додека, во шестата крводарителска акција на Црвен крст и Хотел „Фламинго" во Гевгелија, беа дарувани 76 единици крв.

## ПОЕТСКО ЧИТАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ



Пензионерскиот поетски клуб од Гевгелија, во чест на празникот на жената- 8 Март, организираше поетска вечер насловена како „Со сета љубов на светот". На настанот настапија членови на клубот со свои творби, а, исто така, беа прочитани и дел од најубавите љубовни песни на познати светски автори. Воведот и изборот на песните беше од писателот Кирил Кангов, музичката илустрација на Миле Пелев, а стиховите ги читаа Нада Петкова, Драга Дагалева, Соња Мимиева и Кирил Кангов.

## ЕКОАКЦИЈА



Во рамки на Проектот „Еколошка Свесност: Селектирај, Рециклирај, Реагирај", што го спроведува Регионалниот центар за одржлив развој – Гевгелија, беше организирана Еко акција за еко-свесност. На просторот околу Атлетската патека во Гевгелија се вклучија млади волонтери од Црвен крст, членови на ЗПСК „Кожуф", волонтери од Атлетски клуб „7 Ноември", како и претставници од локалниот инспекторат за животна средина, со поддршка од јавното комунално претпријатие. Со проектот се предвидени три вакви акции за чистење на критичните точки во градот.

## ПРВА НАГРАДА ЗА ЕФИМИЈА НОВАКОВСКА



Ученичката Ефимија Новаковска од ООУ „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија успешно го претставуваше своето училиште и град на Меѓународниот ликовен конкурс организиран од БРО и МОН. Конкурсот по повод Светскиот ден на правата на потрошувачите годинава беше под мотото „Безбедни производи, сигурни потрошувачи“ на тема „Се информирам-заштедувам“. Ликовната творба на оваа тема на гевгелиската ученичка Ефимија Новаковска, под менторство на наставничката Адриана Манчева, ја освои првата награда.

## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЦЕНТАР ЗА СТАРИ ЛИЦА




Општинската организација на Црвен крст- Гевгелија во партнерство со Општина Гевгелија, следејќи ги светските трендови, ја воспоставува услугата „Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење“. Дневниот центар се наоѓа во Трговскиот центар во Гевгелија, каде што старите лица ќе можат да престојуваат и се занимаваат со бројни активности за активно стареење. Воспоставувањето на услугата е дел од Проектот за подобрување на социјалните услуги на локално ниво, поддржан од Светска Банка и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## МЕДАЛИ ЗА МЛАДИТЕ УГОСТИТЕЛИ



На третиот натпревар за млади угостители „Тејсти“ („Tasty“), што се одржа во Струмица, учествуваа триесетина ученици од угостителските струки во средните училишта во Југоисточниот плански регион. Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија се натпреваруваа во категориите готвење, поставување маса и миксологија и постигнаа одлични резултати. Гевгелиските средношколци од насоката за готвачи освоија три златни медала и еден сребрен, келнерите освоија еден сребрен и еден бронзен медал, а еден сребрен и еден бронзен медал, освоија и учениците што се натпреваруваа во областа на миксологијата.

## ВТОРО МЕСТО ЗА ИЛИЈА ВЕЛКОВ



Ученикот во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија Илија Велков учествуваше и постигна одличен резултат на Државното првенство во шах за основни и средни училишта што се одржа во Струмица. Гевгелискиот средношколец, под менторство на професорката Јулија Беќарова, го освои второто место во силна конкуренција. Инаку, на Државно првенство во шах учествуваа вкупно 213 момчиња и девојчиња од основните и средните училишта од целата држава. Првенството беше во организација на Федерацијата за училишен спорт во соработка со СОУ „Јане Сандански“ - Струмица и Шаховски Клуб „Цареви кули“.


















ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов" 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk